Врз основа на член 3-в став (2) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08 и 35/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за видот на документите за исполнување на условите за член на орган на управување со давател на финансиски лизинг

### Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на документите со кои се докажува исполнувањето на условите за член на орган на управување со давател на финансиски лизинг.

### Член 2

Предложениот член на орган на управување треба да достави:

- кратка биографија од која ќе се види неговото работно искуство,
-потврда и препораки за работното искуство во областа на финансиите или банкарството ,
-изјава дека не бил одговорно лице во трговско друштво над кое е поведена стечајна постапка и
-изјава дека не е член на орган на управување во банка, филијала на странска банка, давател на финансиски лизинг или финансиско друштво.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-18249/3
14 јуни 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески